ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр / Nr. 02 – 1386/4
19.10.2023 год.
СКОПЈЕ / SHKUP



Врз основа на член 28 став (1) точка 12 од Статутот на ЈП депонија ДРИСЛА Скопје број 02-48/4 од 03.02.2020 година, Управниот одбор на Јавното претпријатие депонија ДРИСЛА Скопје на својата 26-та седница одржана на ден 19.10.2023 ја донесе следната:

**Финансиски план**
**за изменување на Финансискиот план на**
**ЈП депонија ДРИСЛА Скопје за 2023 година**

**Член 1**

Со овој Финансиски план се врши изменување на Финансискиот план за 2023 година на ЈП депонија Дрисла Скопје бр. 02-63/5 од 18.01.2023 година донесен од УО на претпријатието, на начин што:

Во табелата Биланс на успех, во колоната: Финансиски план за 2013 година, се вршат следните измени:

- Во **А.Материјални трошоци** (1+2+3+4) во последната графа се зголемува износот од 48.320.000,00 на 61.650.000,00;
- 2.**Трошоци за енергија** (2.1+2.2) во последната графа се намалува износот од 35.000.000,00 на 21.670.000,00;
- 2.1 **Потрошена електрична енергија** се намалува износот од 20.000.000,00 на 6.670.000,00;

- Во **В.Трошоци за вработените** (1+2) во последната графа се зголемува износот од 88.200.000,00 на 100.530.000,00;
- 1.**Трошоци за бруто плати** во последната графа се зголемува износот од 85.000.000,00 на 97.000.000,00;
- 2.**Трошоци за вработените по колективен договор** (2.1+2.2+2.3+2.4) во последната графа се зголемува износот од 3.200.000,00 на 3.530.000,00;
- 2.1 **Трошоци за отпремнина за заминување во пензија** во последната графа се зголемува износот од 200.000,00 на 330.000,00;
- 2.4 **Трошоци за помош во случај на смрт на член на семејство на вработен** се зголемува износот од 400.000,00 на 600.000,00;

- Во **Д. Останати трошоци од работењето** (1+2+3+4+5+6+7+8+9+10) во последната графа се зголемува износот од 27.896.000,00 на 28.896.000,00;
- **9.Останати трошоци на работењето** (10.1+10.2+10.3+10.4+10.5+10.6+10.7+10.8+10.9+10.10+10.11) во последната графа се зголемува износот од 22.450.000,00 на 23.450.000,00 и
- **9.6 Трошок за привремено вработени лица преку агенција за вработување и агенциска провизија** од 15.000.000,00 на 16.000.000,00.

**Член 2**

Во останатиот непроменет дел Финансискиот план за 2023 година на ЈП депонија Дрисла Скопје бр. 02-63/5 од 18.01.2023 година, останува во сила.

**Член 3**

Овој Финансиски план за изменување на Финансискиот план за 2023 година е составен дел на Финансискиот план за 2023 година на ЈП депонија Дрисла Скопје бр. 02-63/5 од 18.01.2023 година.

**Член 4**

Се задолжува одделението за правни и административно општи работи на претпријатието да изготви пречистен текст на Финансискиот план за 2023 година, со настанатите измени согласно овој Финансиски план за негова измена.

**Член 5**

Овој Финансиски план за изменување на Финансискиот план за 2023 година на ЈП депонија Дрисла Скопје влегува во сила со денот на неговото донесување.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Даме Димитровски**